Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 81 и член 297 став (2) и (3) од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25) и член 26 став (4) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 40/26), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 мај 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ПРОДОЛЖУВАЊЕ**
**НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на вршење на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.121/16 и 98/17) на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје (АД ЕЛЕМ) точката 1 се менува и гласи:
   „ На Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија.“
   Точката 3 се брише.
   Точката 4 станува точка 3.
   Прилогот 1 се заменува со нов Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

2. Лиценцата од точка 1 од оваа одлука се продолжува за период од 10 години.

3. Изменувањето и продолжувањето на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши по барање на носителот и поради усогласувањето со Законот за енергетика* и прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика* и поради истекување на рокот на важење на лиценцата.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје со седиште на ул. "11 Октомври" бр.9 Скопје (во понатамошниот текст: Друштво), на 16 март 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе Барање за продолжување на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија, УП1 бр. 11- 101/26 од 16 март 2026 година.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во Прилогот, Образец БЛ 9 од Правилникот за лиценци, врз основа на кој се врши продолжувањето на лиценцата.

Лиценцата за која се бара продолжување е со важност до 26 јуни 2026 година. Друштвото бара продолжување на лиценцата за временски период од 10 години.

Исто така, на 13.06.2025 година Друштвото достави до Регулаторната комисија за енергетика Барање за промена на лиценцата УП1 бр.11-1107/25 од 13.06. 2025 година.

Регулаторната комисија за енергетика, постапувајќи по барање на носителот врши усогласување на правата и обврските утврдени во лиценцата за вршење на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија со Законот за енергетика* и прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика*.

Согласно член 297 став (2) од Законот за енергетика*, носителите на лиценците за вршење на енергетска дејност издадени до денот на влегувањето во сила на законот, се должни во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на законот, до Регулаторната комисија за енергетика да поднесат барање за промена на лиценцата согласно одредбите од законот.

Согласно член 297 став (3) од Законот за енергетика*, лиценците за вршење на енергетска дејност кои се променети согласно член 297 став (2) од Законот за енергетика, продолжуваат да важат до истекот на рокот на важноста на лиценците.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 16 од Правилникот за лиценци изготви предлог - одлука за изменување и продолжување на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија. Предлог - одлуката, согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.02-733/1 од 8 мај 2026 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 12 мај 2026 година. На подготвителната седница немаше забелешки по предлог - одлуката од страна на присутните.

Регулаторната комисија за енергетика на 15 мај 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 и член 297 став (2) и (3) од Законот за енергетика* и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за изменување и продолжување на одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 11-101/26**
**15 мај 2026 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и**
**услуги за управување со комунален отпад**
**на Република Северна Македонија**
**Ацо Ристов**

**Прилог:**

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА**

1. **Назив и седиште на носителот на лиценцата**
   Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје со седиште на ул. “11 Октомври” бр.9 Скопје, Република Северна Македонија.

2. **Енергетската дејност за која се издава лиценцата:** Снабдување со топлинска енергија

3. **Датум на издавање на лиценцата:** 28 јуни 2016 година

4. **Датум на продолжување на лиценцата:** 15 мај 2026

5. **Датум на важење на лиценцата:** 28 јуни 2036 година

6. **Евидентен број на издадената лиценца:** ТЕ- СНАБ-17-2016

7. **Единствен матичен број:** 6023754

8. **Единствен даночен број:** 4030055560757

9. **Вид и обем на енергетската дејност што се врши**
   Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија на потрошувачите, како и правата и обврските на носителот на лиценцата.
   Како енергетска дејност снабдување со топлинска енергија, во смисла на оваа лиценца е набавка на топлинска енергија од дистрибутивна мрежа и продажба на распределена топлинска енергија на потрошувачите на определено подрачје.

10. **Подрачје на вршење на енергетската дејност**
    Носителот на лиценцата ќе ја врши енергетската дејност снабдување со топлинска енергија на потрошувачите приклучени на дистрибутивната мрежа на подрачјето на град Скопје односно на делови од подрачјата на општината Гази Баба, каде што снабдување со топлинска енергија врши Подружница Енергетика Скопје.

**11. Објекти преку кои ќе се врши снабдување со топлинска енергија**

Носителот на лиценцата ќе врши снабдување со топлинска енергија преку објекти и инсталации на дистрибутивната мрежа и мерни уреди кај потрошувачите, лоцирани на делови од подрачјата на општината Гази Баба во градот Скопје.

**12. Право на пристап и користење на дистрибутивната мрежа**

Носителот на лиценцата има право на пристап и користење на дистрибутивната мрежа заради непречено вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија, за што е должен да склучи годишен договор со операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија за набавка на топлинска енергија по цени и тарифи утврдени од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во согласност со закон и другите прописи.

**13. Општи обврски за носителот на лиценца**

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно снабдување со топлинска енергија во согласност со правилата за снабдување со топлинска енергија, склучените договори за снабдување и условите утврдени во лиценцата;
- склучи годишен договор со операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија за набавка на топлинска енергија за потребите на своите потрошувачи, како и договор за користење на дистрибутивниот систем, по цени, тарифи и услови одобрени и претходно објавени од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија;
- врши набавка на потребни количини на топлинска енергија и обезбедува потребен дистрибутивен капацитет за испорака, за потребите на крајните потрошувачи;
- склучува договори со потрошувачите за снабдување со топлинска енергија;
- врз основа на отчитувањата на мерните уреди и отчитувањата на уредите за локално распределување, врши фактурирање и наплата за испорачаната топлинска енергија на потрошувачите по цена утврдена од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија;
- доставува до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, Министерството за енергетика и градоначалниците на единиците на локална самоуправа на чија територија снабдувачот ја врши дејноста годишни извештаи за продадената топлинска енергија, според условите утврдени во лиценцата;
- доставува податоци и информации согласно правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- доставува известувања за сите околности, настани и промени коишто имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на енергетската дејност, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа,
- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во

целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци.
- да обезбеди недискриминаторен третман на сите потрошувачи
- да овозможи промена на снабдувач на транспарентен и недискриминаторен начин,
- да доставува до операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија планови за потрошувачка на топлинска енергија за своите потрошувачи,
- ги плати набавените количини на топлинска енергија, како и системските услуги од операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија,
- да ги објавува општите статистички податоци поврзани со неговите потрошувачи, земајќи ја предвид доверливоста на податоците,
- на своите потрошувачи им ги обезбедува на транспарентен и недискриминаторен начин, без плаќање на надоместок, сите неопходни информации за нивните права, обврски, примена на важечките прописи, начините на постапување по приговорите и решавањето на приговорите во согласност со правилата за снабдување,
- воспостави центар за грижа за корисници,
- воспостави постапки за ефикасно решавање на приговорите на своите потрошувачи во рок од 60 дена, вклучувајќи можност и за вонсудско решавање на спорови и обврска за враќање и/или компензација на средства кога е тоа оправдано,

**14. Обврска за информирање**

Носителот на лиценцата е должен веднаш да ја извести Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, за сите прекини во снабдувањето со топлинска енергија, како и за причините за настанување на прекините и превземените мерки за нивно отстранување.

**15. Обврска за одвоена сметководствена евиденција** Носителот на лиценцата е должен:
- во своите интерни пресметки да води одвоена сметководствена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.
- вклучи во своето сметководство финансиски извештаи за енергетската дејност за чие вршење е должен да обезбеди јавна услуга, доколку во согласност со Законот за енергетика* му е доделен надоместок за вршење на услуга од општ економски интерес согласно со прописите за државна помош;
- изготви и објави финансиски извештаи и други извештаи за регулираната дејност што ја врши, во согласност со прописите и правилата за финансиско известување и ревизија;
- во своето седиште да чува копија од документите и да ги направи достапни за увид на надлежните органи;
- достави до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за енергетика ревидирани годишни финансиски извештаи за секоја регулирана дејност одделно, и да ги објави на својата веб страница. За нерегулираните енергетски и други дејности, финансискиот извештај што се доставува до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување

со комунален отпад на Република Северна Македонија може да биде во консолидирана форма. Финансиските извештаи треба да бидат изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување и
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието во врска со дејноста дистрибуција на топлинска енергија.

**16. Обврска за доставување на годишен извештај за работењето**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна да достави годишен извештај за работењето во претходната година согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија.

**17. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија да доставува:
- месечни извештаи за набавени и испорачани количини на топлинска енергија, вкупно и по одделни групи на потрошувачи,
- број и времетраење на планирани и непланирани прекини во снабдувањето со топлинска енергија и други податоци согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија
- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија;
- копија од договорот за набавка на топлинска енергија за потребите на потрошувачите склучен со операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија.

**18. Цена за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинската енергија**

Носителот на лиценцата е должен цената за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија на потрошувачите да ја формира во согласност со Правилник за регулирање на цени за топлинска енергија и системски услуги.

Носителот на лиценцата е должен цената за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија, да ја објавува на својата веб страна.

**19. Обврска за овозможување на непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

20. **Квалитет на вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија**
Носителот на лиценцата е должен да обезбеди постојан квалитет на вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија согласно законските прописи и Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија за греење.

Носителот на лиценцата е должен да врши мониторинг на квалитетот (влезна и излезна температура и количина) на испорачаната топлинска енергија, за што на секои шест месеци ја известува Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија..

21. **Доверливост на информациите**
Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации кои при вршењето на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија ги добива од носителите на лиценци и потрошувачите.

22. **Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**
Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

23. **Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**
Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.